**НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА**

**СОЦИОЛОГИЈА НА ПРАВОТО**

## I. Податоци за раководителот на предметната програма и предметните наставници

| **Име и презиме:** | **Научен степен и академско звање:** |
|---|---|
| - Јасна Бачовска | - доцент доктор |

## II. Податоци за соработниците и другите предавачи на предметната програма

| **Име и презиме на соработникот:** | **Научен степен и академско звање на соработникот:** |
|---|---|
| - Александар Спасов<br>- Илија Манасиев<br>-Милена Апостоловска | - Асистент магистер<br>- Помлад асистент<br>- Помлад асистент |
| **Други предавачи (експерти од практиката):** | |

## III. Основни податоци за предметната програма

| **Назив на предметната програма:** Социологија на правото | |
|---|---|
| **Код на предметната програма:**<br>51117 | **Број на кредити:**<br>7 (седум) |
| **Вкупно часови настава:**<br>48 | **Број на страници задолжителна литература:**<br>390 |
| **Студиска година кога се изучува предметната програма**:<br>Прва година | **Семестар во кој се изучува предметната програма:**<br>Прв семестар |

## IV. Опис на предметната програма и клучни зборови (термини)

| **Опис на предметната програма** |
|---|
| Предметот Социологија на правото произлегува од научната и образовната потреба на студентите на прва година на правните студии да им се понуди наставна содржина која се занимава со базичните прашања поврзани со правото, неговата суштина и значење како систем на правила. Уште повеќе, во рамките на Социологијата на правото овие прашања се третираат тргнувајќи од суштинското сфаќање за правото како неразделен сегмент на општествената реалност. Токму затоа, наставната програма нуди поинаков пристап во објаснувањето и анализата на правото од чисто нормативниот. Имено, појдовна премиса е дека правото не може и не смее да се третира како изолиран систем на норми независен од ништо друго сем од самиот себе, туку |

тој мора да се набљудува во неговата богата интеракција со општествената реалност и никако надвор од тоа.

Оттука во рамките на Социологијата на правото се анализираат темите поврзани со социолошкото дефинирање на правото, вклучувајќи ги и историските придобивки во социолошките размислувања за неговата суштина. Понатаму, предметната програма ги опфаќа и клучните прашања на создавањето на правото, взаемното влијание на правниот систем и другите, чисто општествени системи на норми, интеракцијата на правото со останатите општествени сегменти (пред се со политичкиот), како и со разните блици на општествена свест. Конечно, основната тема на Социологијата на правото, која се провлекува низ целокупната предметна програма е испитувањето и утврдувањето на поставеноста и улогата, односно функциите на правото во општеството.

**Клучни зборови (термини) за предметната програма**

правен систем, општествена структура, општествени норми, правни појави, создавање на правото, функции на правото, правна динамика

## V. Цели и резултати што треба да се постигнат

**Цели и резултати што треба да се постигнат**

Содржините понудени во рамките на наставната програма по Социологија на правото треба да им овозможат на студентите еден поинаков, иновативен пристап кон набљудувањето на правните феномени. Имено, појдовната претстава за правото како интегрален елемент на општествената структура нуди можности за осознавање на општествените фактори и процеси кои го иницираат создавањето на правото, ја детерминираат неговата внатрешна поставеност и го определуваат степенот на неговата ефикасност како регулатор. Понатаму, студентите ќе можат да го осознаат и анализираат и повратниот процес - влијанието на правните норми врз општеството, неговиот развој и стабилност.

Како резултат на ваквата теоретска и практична конципираност на предметот, студентите ќе се оспособат правото да го разгледуваат пошироко од чистите нормативни (законски) акти, барајќи ја неговата врска со општествените феномени. Конечно, студентите ќе се оспособат да размислуваат критички во однос на правниот систем и да поставуваат прашања во насока кон негово подобрување и усогласување со општествените потреби.

## VI. Методологија на предавање

**Методологија на предавање**

Наставата се изведува со примена на повеќе методи. Тоа претпоставува: предавање на наставниот материјал, усно учество на студентите во предавањата, дебати во врска со релевантни прашања, изработка на семинарски трудови и есеи, изработка на анкетни истражувања, презентации на наоѓањата од страна на студентите, и сл.

## VII. Детална структура на предметната програма

| **Недела бр. 1** | **број на часови: 4** |
| --- | --- |
| **назив на тематската целина:** | **задолжителна литература:** |
| Предмет и методи/ Социологијата на правото во структурата на | ЧОКРЕВСКИ, Томислав, КИТАНОСКИ, Лазар, Социологија на правото, |

| | |
|---|---|
| општествените науки | Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први“, 2007. (23-30, 45-58 стр.) |

**Детална структура на тематската целина:**

- Предметот на општата социологија и на социологијата на правото
- Социологијата на правото во структурата на општествените науки
  - Општата социологијата, посебните социологии, правните науки и социологијата на правото
  - Социологијата на правото и блиските општествени науки

| **Недела бр. 2** | **број на часови: 4** |
|---|---|
| **назив на тематската целина:**<br>Предмет и методи/ Социологијата на правото во структурата на општествените науки | **задолжителна литература:**<br>ЧОКРЕВСКИ, КИТАНОСКИ, 2007. (31-44 стр.) |

**Детална структура на тематската целина:**

- Методи на социологијата на правото
  - Методи и методологија
    - Видови на социолошки методи
      - Помошно-технички методи
        - Набљудување
        - Експеримент
        - Анкета и интервју
        - Монографски метод и статистички техники
        - Анализа на содржината
      - Посебни методи
      - Општи (генерални) методи

| **Недела бр. 3** | **број на часови: 4** |
|---|---|
| **назив на тематската целина:**<br>Историски и теоретски основи на социологијата на правото (стар век) | **задолжителна литература:**<br>ЧОКРЕВСКИ, КИТАНОСКИ, 2007. (59-80 стр.) |

**Детална структура на тематската целина:**

- Идеите за правото во старите источни цивилизации
- Грчката античка филозофија
- Основните идеи за правото и јуриспруденцијата во стариот Рим

| **Недела бр. 4** | **број на часови: 4** |
|---|---|
| **назив на тематската целина:**<br>Историски и теоретски основи на социологијата на правото (среден век и правните школите на XIX век) | **задолжителна литература:**<br>ЧОКРЕВСКИ, КИТАНОСКИ, 2007. (80-96 стр.) |

**Детална структура на тематската целина:**

- Правните системи и правата во средновековието
- Теоретските основи на правото во разните правни школи на XIX век
  - Германската историско-правна школа
  - Германската идеалистичка филозофија
  - Школата на правниот позитивизам

| **Недела бр. 5** | **број на часови: 4** |
|---|---|
| **назив на тематската целина:**<br>Историски и теоретски основи на социологијата на правото (втемелување на социологијата на правото) | **задолжителна литература:**<br>ЧОКРЕВСКИ, КИТАНОСКИ, 2007. (97-113 стр.) |

**Детална структура на тематската целина:**

- Марксистичката концепција за правото (Критика на правото и

филозофијата на правото)
- Социологијата на правото во теоретскиот систем на Емил Диркем
- Социологијата на правото на Макс Вебер (Рационалната функција на правото)
- Сфаќањето на Еуген Ерлих за фундаменталните принципи на правото (Идејата за „живото право“)
- Некои современи тенденции во социологијата на правото

| **Недела бр. 6** | **број на часови: 4** |
|---|---|
| **назив на тематската целина:**<br>Општеството, правото и социјалната динамика | **задолжителна литература:**<br>ЧОКРЕВСКИ, КИТАНОСКИ, 2007. (133-170 стр.) |

**Детална структура на тематската целина:**

- Општество
  - Настанок на општеството
  - Општество и природа
  - Поим на општество
  - Општествени појави
    - Видови општествени појави
  - За карактерот и посебните релации помеѓу политичките и правните појави
    - Влијанието на политичкиот конфликт врз промената на свеста за правото
    - За политичките односи и правните норми
    - Веберовата теорија за поделбата на отворени и затворени односи: лоцирање на правниот однос како релативно затворен однос
- Движење и развиток на општеството и правото
  - Општествена промена
  - Периодизација на општествениот развиток
  - Правото и социјалната динамика

| **Недела бр. 7** | **број на часови: 4** |
|---|---|
| **назив на тематската целина:**<br>Основни содржини и категории на предметот на социологијата на правото | **задолжителна литература:**<br>ЧОКРЕВСКИ, КИТАНОСКИ, 2007. (171-206 стр.) |

**Детална структура на тематската целина:**

- Право
  - Социолошко дефинирање на правото
- Правни појави
- Правен систем
  - Општествена структура
  - Социолошки поим на правниот систем
  - Видови на правни системи

| **Недела бр. 8** | **број на часови: 4** |
|---|---|
| **назив на тематската целина:**<br>Создавање на правото во современите Демократии | **задолжителна литература:**<br>ЧОКРЕВСКИ, КИТАНОСКИ, 2007. (207-293 стр.) |

**Детална структура на тематската целина:**

- Вовед
- Демократија и процедура - кочници и рамнотежа во законодавниот процес
  - Дефинирање на демократијата
  - Теоретски пристапи во дефинирањето на сегментите на власта

- Заштита од демократијата - кочници и рамнотежа
  - Процедурата како внатрешна кочница на законодавното тело
  - Односи на рамнотежа - вклучување на другите сегменти на власта
    - Процедура со вклучување на судската власт (уставното судство) -кочници и рамнотежа меѓу законодавната и судската власт
    - Вклучување на шефот на државата - правото на вето
    - Вклучување на граѓаните - плебисцитарна демократија
- Првичните искуства на македонското собрание како законодавна власт
  - Организација на македонското собрание
  - Функции на Собранието на Република Македонија
  - Кочници во македонскиот парламент
    - Процедурата како внатрешна кочница на законодавното тело
      - Парламентарна ироцедура или фазна расправа за законите
      - Процедура во гласањето или посебно мнозинство
    - Референдумот како кочница на законодавното тело
- Улогата на шефот на државата и на владата на република македонија во обликувањето на законите
  - Улогата на шефот на државата во обликувањето на законите
  - Улогата на владата во обликувањето на законите

| **Недела бр. 9** | **број на часови: 4** |
|---|---|
| **назив на тематската целина:**<br>Социјалните функции на правото | **задолжителна литература:**<br>ЧОКРЕВСКИ, КИТАНОСКИ, 2007. (295-316 стр.) |

**Детална структура на тематската целина:**

- Социјалната основа на правото
- Функција на регулација
- Функција на социјална контрола
- Интегративна функција на правото
- Организациона функција на правото (правото и социјалната организација)
- Репресивна и промоционална функција на правото

| **Недела бр. 10** | **број на часови: 4** |
|---|---|
| **назив на тематската целина:**<br>Правото и слични човекови творби | **задолжителна литература:**<br>ЧОКРЕВСКИ, КИТАНОСКИ, 2007. (317-356 стр.) |

**Детална структура на тематската целина:**

- Правото и посебните облици на општествена свест
  - Религија
    - Поим на религијата
    - Појава и развиток на религијата
    - Општествената улога на религијата
    - Религијата и правото
  - Морал
  - Идеологија
      - Поим и сфаќања за идеологијата
      - Правото и идеологијата
- Култура
  - Јазик

- Општествени правила и обичаи
- Образование и воспитување
- Слободно време на човекот, забава, игра и спорт
- Култура и право

| **Недела бр. 11** | **број на часови: 4** |
|---|---|
| **назив на тематската целина:** **Правото и другите регулативни институции во општеството** | **задолжителна литература:** ЧОКРЕВСКИ, КИТАНОСКИ, 2007. (357-395 стр.) |

**Детална структура на тематската целина:**

- Семејство
  - Историски развиток на семејството
  - Видови семејство во современото општество
  - Семејството како правна институција
- Политичката сфера и правото
  - Држава
    - Процесот на настанувањето на државата
    - Основни карактеристики и социјална функција на државата
    - Држава и право
  - Политички партии
    - Појава на политичките партии
    - Социјалната функција на политичките партии и правото

| **Недела бр. 12** | **број на часови: 4** |
|---|---|
| **назив на тематската целина:** Полагање на есејот | **задолжителна литература:** |

**Детална структура на тематската целина:**

## VIII. Активности на надворешни институции

| **Активности на надворешни институции** |
|---|
| |

## IX. Литература

**Задолжителна литература**

ЧОКРЕВСКИ, Томислав, КИТАНОСКИ, Лазар, Социологија на правото, Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први", 2007

**Дополнителна литература**


- ANLEU, Sharyn, Roach, L, Law and Social Change, Sage Publications, Ney York, 2003.
- ВЕБЕР, Макс, Привреда и друштво, том други, Просвета, Београд, 1976
- ДИРКЕМ, Емил, О подели друштвеног рада, Каријатиде, Београд, 1972
- EHRLICH, Eugen, Fundamental Principles of the Sociology of Law, Transaction Publishers, New Jersey, 2001
- KARBONIE, Žan, Pravna sciologija, Novi Sad, 1992
- LUHMANN, Niklas, Law as a Social System, Oxford University Press, Oxford, 2004
- MILOVANOVIC, Dragan, An Introduction to the Sociology of Law, Criminal Justice Press, New York, 2003
- НАУМОВА, Стефка, Социологија на правото, Јуриспрес, Софиа, 2000
- SARAT, A, (ed), The Blackwell Companion to Law and Society, Blackwell Publishing, Oxford, 2004.

- STANKOVIC, Jugoslav, Osnovi Opšte Sociologije Prava (I, III Deo), Pravni fakultet univerziteta u Beogradu, Beograd, 1996, 2000
- COTTERRELL, Roger, The Sociology of Law (An Introduction), Butterworths, London, Dublin, Edinburgh, 1992